ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2023 03 02/1

Скопје, април 2024 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за транспорт и врски за 2022 година на сметката на основниот буџет (637).

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година, и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија за 2018 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на МТВ сметка на основен буџет (637) во кој е изразено мислење со резерва за реалноста и објективноста на прикажаните состојби во финансиските извештаи, како и за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2020 година извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи со усогласеност за 2018 година на сметката на основен буџет (637), при што е констатирано дека дадените препораки се во тек на имплементирање.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност на МТВ, сметка на основен буџет (637) за 2022 година, утврдено е следното:

- во финансиските извештаи на позицијата нематеријални средства евидентирани се идејни решенија и физибилити студија за кои не е обезбедена документација за тоа дали истите се применети за реализација на проекти;
- во деловните книги не е евидентиран деловен простор и тоа: локали кои се доделени со Одлуки на Влада и за кои не е направена проценка на вредност, како и деловен простор за Капетанија Охрид, за кој објект постапката за запишување на правото на сопственост е во тек;
- во финансиските извештаи на позицијата материјални средства евидентирани се свлечишта за кои не беше обезбедена документација;
- во рамките на позицијата материјални средства во подготовка евидентирани се градежни објекти кои се завршени во минати години, истите се користат и со години се во употреба, без да се изврши нивно примопредавање на општините и
- кај пописот на нематеријалните средства и дел од материјалните средства – градежни објекти не е направено усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба утврдена со пописот.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот - Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата извести за судските спорови во кои МТВ е странка во постапките.

Во делот - Останати прашања, ги истакнавме состојбите кои се однесуваат на:

- донесена Одлука на Владата во август 2018 година за пренос на акции, со што МТВ станува сопственик на операторот на електро-преносниот систем (АД МЕПСО) како резултат на сопственичко раздвојување на операторот од Владата;
- субвенционирање на јавната услуга за превоз на патници и трансфери на средства за подмирување на обврски кон добавувачи и плати за вработени за 2022 година, а ЖРСМ Транспорт АД – Скопје прикажува најголеми трошоци и
- помалку издвоени средства од предвиденото законско право за железничка инфраструктура.

Од страна на одговорното лице на Министерството за транспорт и врски, доставена е една забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на основен буџет (637) и истата е прифатена.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 2 |
| 3.2. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 6 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 6 |
| 5. | Останати прашања | 7 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 11 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 11 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 12 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 12 |
| 10. | Одговор на ревидираниот субјект | 13 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 15 |
| Биланс на состојба | | 16 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | | 17 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 18 |
| Сметководствени политики | | 19 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 21 |
| Прилози | | |
| Прилог 1 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | | |
| Прилог 2 - Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор | | |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АД МЕПСО | Акционерско друштво Оператор на електропреносен систем на Република Северна Македонија |
| Влада на РСМ | Влада на Република Северна Македонија |
| ГТЦ | Градски трговски центар |
| ЈП ЖРСМ Инфраструктура Скопје | Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје |
| МФ | Министерство за финансии |
| Републиката | Република Северна Македонија |
| ЖРСМ Транспорт АД Скопје | Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје |

Број: 29-366/5
Дата: 17.04.2024

## 1. Вовед

Министерството за транспорт и врски е орган на државната управа, кое заедно со другите министерства се задолжени за вршење на функциите на државната управа, согласно член 11 од Законот за организација и работа на органите на државната управа[1].

Дејноста на Министерството за транспорт и врски е уредена со Законот за организација и работа на органите на државната управа, а согласно членот 27 истото треба да ги врши работите што се однесуваат на: патниот сообраќај и патната инфраструктура; железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура; воздушниот сообраќај и воздухопловната инфраструктура; внатрешната пловидба; поштенскиот сообраќај и поштенската инфраструктура; други видови на транспорт и инфраструктура која е неопходна за вршење транспорт (жичари и ски-лифтови и слично); станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката и други работи утврдени со закон.

Во состав на Министерството за транспорт и врски се:
- Капетанија на пристаништата и
- Управа за сигурност во железнички систем.

Органите во состав на министерството се основани за вршење на определени управни, стручни и други работи од надлежност на министерството.

[1] Закон за организација и работа на органите на државната управа – Сл. Весник на РСМ бр. 58/2000; 44/2002; 13/2006; 82/2008; 167/2010; 36/2011; 51/2011; 96/2019; 110/2019; 154/2019)

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на :

- финансиските извештаи на страна од 15 до 17 на Министерството за транспорт и врски - сметка на основен буџет (637), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски Скопје за 2022 година на сметката на основен буџет (637), со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за транспорт и врски на ден 31 декември 2022 година, на сметката на основен буџет (637), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски за 2022 година, на сметката на основен буџет (637), се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1.Во финансиските извештаи на позицијата нематеријални средства

евидентирани се:

- идејни решенија - планска документација од 2009 и 2010 година, за хотел Градска куќа и Мал ринг во вкупен износ од 603 илјади денари и
- физибилити студија во вкупен износ од 11.082 илјади денари (за изготвување на физибилити студија износ од 6.000 илјади денари и консултантски услуги извршени во 2015 година за утврдување на исплатливост при склучување на договор за ЈПП за финансирање, изградба, користење, управување и одржување на ГТЦ во Скопје во износ од 5.082 илјади денари).

За овие нематеријални средства МТВ не обезбеди документација. ниту има сознанија за тоа дали истите се применети за реализација на проекти.

Ваквата состојба не е во согласност со член 12 и 19 од Законот за сметководството за буџети и буџетски корисници[2] што влијание на реалноста и објективноста на искажаните состојби на позицијата нематеријални средства во деловните книги и финансиските извештаи за 2022 година.

Препорака

Одговорното лице на субјектот да преземе активности за изнаоѓање на документацијата на евидентираните нематеријални средства во сметководствената евиденција на МТВ.

3.1.2. Во финансиските извештаи на позицијата материјални средства евидентирани се свлечишта во вкупен износ од 165.674 илјади денари, за кои МТВ на ревизијата не и обезбеди поткрепувачка документација како основ за нивно евидентирање. Од страна на пописната комисија нема изготвено пописна листа на свлечишта по локации и во каква состојбата се истите. Во извештајот на пописната комисија само се наведени свлечиштата со вкупна вредност преземена од сметководствената евиденција.

Оваа состојба не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници каде е предвидено дека внесувањето на податоците во деловните книги мораат да се засноваат врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и има влијание на реалноста на билансот на состојба.

Препорака

Одговорното лице на субјектот да преземе мерки и активности за:

- обезбедување на документација за свлечиштата и
- формирање на комисија за утврдување на состојбата на свлечиштата, за кои локации се однесуваат истите, како и субјект надлежен за тие локации со цел пренесување на сметководствената евиденцијата кај надлежниот субјект.

[2] Закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници (Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РСМ" бр. 61/2002; 98/2002; 81/2005; 24/2011; 145/2015; 170/2017; 122/2021)

3.1.3. На позицијата материјални средства во подготовка (инвестиции во тек) евидентирани се градежни објекти од минати години кои се користат од страна на општините, а истите сеуште се во сметководствена евиденција на МТВ во вкупен износ од 46.037 илјади денари.

Поради наведеното, ревизијата смета дека позицијата материјални средства во подготовка (инвестиции во тек) е нереално и необјективно проценета во Билансот на состојба на ден 31.12.2022 година, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

Препорака

Одговорното лице на МТВ да преземе мерки и активности за да се обезбедат записници од веќе извршеното примопредавање од минати години и да се пристапи кон раскнижување на градбите од сметководствената евиденција на МТВ.

3.1.4. Со увид во документацијата од пописот на средствата и обврските на МТВ за 2022 година, ги утврдивме следниве состојби:

- за позицијата нематеријални средства и позицијата материјални средства - градежни објекти, не постои материјална евиденција, а пописот на истите е направен според сметководствената евиденција. Во извештајот на комисијата за попис на основни средства, презентиран е само табеларен преглед на овие средства со констатација дека не е направено материјално сметководствено усогласување од причина што за нематеријалните средства не се доставени податоци од надлежните сектори;

- позицијата – материјални средства во подготовка - инвестиции во тек, се прикажани во Извештај за извршениот попис за деловната 2022 година со табеларен преглед со вредност на истите преземена од сметководствената евиденција, а при тоа не е утврдено до која фаза на изграденост се истите и
- извршен е попис на обврските, односно пописната комисија извршила проверка на реалноста на искажаните износи врз основа на екстерна или интерна документација, утврдена е старосната структура на обврските (2022, 2021, 2020 и постари од 2020), но не е направена анализа на обврските од минати години – постари од 2020 година во вкупен износ од 1.678 илјади денари.

Наведениот начин на вршење попис не обезбедува усогласување на фактичката со сметководствената евиденција на одделните позиции, со што не обезбедува ниту реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември, што не е во согласност со член 19 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

Препорака

Одговорното лице на субјектот да преземе мерки и активности:

- за позицијата нематеријални средства и позицијата материјални средства - градежни објекти, да се изготви и воведе материјална евиденција и
- Пописната комисија при спроведување на пописот да изготви пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција и да се обезбеди усогласување на фактичкатата со сметководствената евиденција за истите.

3.1.5. Со увид во документацијата за недвижниот имот со кој располага МТВ, како и со увид во податоците од деловните книги ја констатиравме следната состојба:

- недвижен имот - деловен простор локал број 2, 3, 4, 5 и 6 на ул. Скопска општина 11 - КО Центар 1 со Одлуки на Влада[3] дадени се на користење на МТВ, за кои се обезбедени имотни листи, но не е направена проценка на нивната вредност што не е во согласност со член 4 од Законот за процена[4] Истите се сметководствено евидентирани во вонбилансната евиденција на МТВ.

  Според одговорни лица во МТВ постапката за проценка на недвижен имот не е отпочната поради склучен договор[5] за реконструкција на работните простории, склучен во тек на вршење на ревизијата.
- Во деловните книги на МТВ не е евидентиран деловниот простор за Капетанија на пристаниште во Охрид кој е запишан во ИЛ бр. 3745 КО Охрид, а постапката[6] за запишување на правото на сопственост на објектот е во тек. Ваквата состојба на нецелосно запишување на правото на користење и стопанисување на недвижниот имот на МТВ не е во согласност со член 154 и 155 од Законот за сопственост и други стварни права[7].

Горенаведените состојби не се во согласност со член 12 и 19 од Законот за сметководството на буџети и буџетски корисници и има влијание на реалноста и објективноста на искажаните состојби на позицијата постојани средства во деловните книги и финансиските извештаи за 2022 година.

Препорака

Одговорното лице на субјектот да даде насоки на Секторот за општи работи и Секторот за финансиски прашања во МТВ да ги преземат следните мерки и активности и тоа:

---

[3]Одлука на Влада на Република Македонија за престанок и за давање на користење на недвижни ствари на МТВ бр.19-3371/1 од 08.07.2008 и бр.19-3795/1 од 30.07.2008 година.

[4]Закон за процена Службен весник на РМ" бр. 115/2010; 158/2011; 185/2011; 51/2012; 64/2012; 188/2014; 104/2015; 153/2015; 192/2015; 30/2016)

[5] Бр. 18-783/2 од 05.02.2024 година

[6]Барање за запишување во сопственост на државата на објектот на Капетанија на пристаништата-Охрид, арх.бр. 48-29/1 од 16.02.2023 година до Државно правобранителство на РСМ преку Државно правобранителство Охрид

[7]Законот за сопственост и други стварни права Редакциски пречистен текст: "Службен весник на РМ" бр. 18/2001; 92/2008; 139/2009; 35/2010)

- за проценка на локалите 2,3,4,5,6, односно деловните објекти за кои МТВ има право на користење и стопанисување, а по извршената проценка да се воведат истите во сметководствената евиденција на МТВ и
- по добивање на позитивно мислење од Државното правобранителство, МТВ – Капетанија Охрид да обезбеди право на користење на објектот, а потоа проценка на истиот со цел негово воведување во сметководствената евиденција на МТВ.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.3.Министерството за транспорт и врски години station наназад има извршено градежни работи и тоа: изградба на пешачки патеки во период 2010-2016, изградба на водовод и канализација, изградба на улици, патишта и автопатишта, проекти и изградба на плажи, физибилити студии и мастер план за туристички развојни зони Охрид, Преспа и Дојран, проект гасификација, и санација на пристаниште во Охрид во вкупен во износ од 1.623.999 илјади денари кои градби се целосно завршени и со години се во употреба. МТВ по реализација на наведените градби нема преземено активности за нивно примопредавање на општините, што не е во согласност со член 14 став 4 од Законот за јавните патишта[8] каде е предвидено дека работите околу изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје, како и членот 95 од Законот за градење[9] во кој е предвидено примопредавање на објектите.

Препорака
Одговорното лице на МТВ да преземе мерки и активности за да се изврши примопредавање на целокупната документација – по градби на општините и воведување во деловните книги на општините.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. Во 2022 година, МТВ во својство на тужена страна се јавува во 34 судски постапки, по основ долг, поништување односно раскинување на договор, надомест на штета, работни спорови, утврдување на право на сопственост и други основи врз основа на кои се побарува главен долг во вкупна вредност од 403.150 илјади денари.
Истовремено, МТВ се јавува во својство на тужител во 9 судски постапки, по основ на надомест на штета поради поништување односно раскинување на

[8] Согласно Законот за јавни патишта јавниот пат го сочинуваат: - долниот и горниот строј на патот, објекти на патот и тротоари, пешачки и велосипедски патеки
[9] Законот за градење Редакциски пречистен текст: Службен весник на РСМ бр. 130/2009; 124/2010; 18/2011; 18/2011; 36/2011; 49/2011; 54/2011; 59/2011; 13/2012; 39/2012; 144/2012; 25/2013; 70/2013; 79/2013; 137/2013; 163/2013; 27/2014; 28/2014; 42/2014; 115/2014; 149/2014; 187/2014; 44/2015; 129/2015; 129/2015; 217/2015; 226/2015; 30/2016; 31/2016; 39/2016; 71/2016; 103/2016; 132/2016; 35/2018; 64/2018; 168/2018; 244/2019; 18/2020; 89/2020; 279/2020; 96/2021 и 227/2022)

договор, долг и стекнување без основ од кои побарува вкупна вредност од 162.219 илјади денари.

Поради тоа што станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци, кај судските спорови во кои МТВ е тужена страна, што може значително да влијае на буџетот во идниот период.

## 5. Останати прашања

5.1. Во Конечниот извештај за извршена ревизија за 2018 година, ревизијата истакна дека со Одлука на Владата[10] за пренос на акции, МТВ станува сопственик на акции издадени од Операторот на електро преносниот систем, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост согласно член 72 од Законот за енергетика[11] донесен во мај 2018 година, а со цел транспонирање на директивата за внатрешен пазар на електрична енергија кое било барање од страна на Енергетската заедница и за кое Републиката има преземено меѓународни обврски.

Со одлуката е извршен нетрговски пренос на акциите со што е извршен упис во Централен депозитар за хартии од вредност, обични акции со номинална вредност од една илјада денари по акција или вкупен износ од 3.059.393 илјади денари. Со стекнувањето на сопственост на операторот на електро преносниот систем, МТВ се јавува во улога на Собрание на акционери согласно член 383 од Законот за трговски друштва.

Со новиот закон за енергетика[12] се врши раздвојување на управувањето со правното лице кое врши дејност производство на електрична енергија и правното лице кое врши пренос на електрична енергија кој го вршел еден ист субјект (Владата на РСМ) поради што не постоела ефективна независност. Имено, со член 72 од Законот за енергетика е уредено дека МТВ е самостојно при донесување на одлуки за избор на органи на надзор и органи на управување и не смее да прифаќа упатства од Влада на РСМ или друг државен орган.

Ревизијата обрнува внимание дека одредбите од член 72 од Законот за енергетика по кои МТВ станува сопственик на операторот за електропреносен систем се во колизија со член 27[13] од Законот за

---

[10] Бр. 44-6841/1 од 24.07.2018

[11] Сл. весник бр.98/2018

[12] Закон за измена и дополна на законот за енергетика 96/19 и 236/22 година

[13] МТВ ги врши работите кои се однесуваат на: патниот сообраќај и патната инфраструктура; железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура; воздушниот сообраќај и воздухопловната инфраструктура; внатрешната пловидба; поштенскиот сообраќај и поштенската инфраструктура; други видови на транспорт и инфраструктура која е неопходна за вршење транспорт (жичара и ски-лифтови и слично); станбено-комуналните работи, соодветната инфраструктура, уредувањето на

организација и работа на органите на државна управа од причина што областа енергетика согласно истоимениот закон е во надлежност на Министерство за економија. Ревизијата истакнува дека МТВ со стекнување на сопственоста на операторот се соочува со комплексна правна регулатива од областа на енергетика и нови надлежности како Собрание на акционери за што во МТВ е потребно е да се обезбедат соодветни технички и човечки ресурси. Собранието се одржа на 27.12.2023 година за годината 2022 година за што на ревизијата не и беше доставен записник со образложение дека истиот е во фаза на подготовка и потпишување.

Ревизијата обелоденува дека првпат едно министерство се јавува во улога на сопственик на државно претпријатие, поради тоа што во изминатиот период Владата на РСМ беше сопственик на акциите на сите АД и ЈП во државна сопственост.

5.2. Во буџетот на МТВ за 2022 година предвидени се средства со кои се субвенционираат услугите од јавен интерес за превоз на патници во железничкиот сообраќај, кои согласно член 134 од Законот за железнички систем ги врши ЖРСМ Транспорт АД – Скопје. Врз основа на член 119 од истоимениот закон, Владата на седница одржана на 28.12.2019 година донела Одлука за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници[14], а МТВ согласно точка 3 од одлуката склучило Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2020 – 2022 година[15] и Анекс број 1 кон Договорот[16]. Со одредбите од договорот е уредено дека вкупната вредност на компензацијата на дел од загубите настанати од извршување на превоз на патници се обезбедува од Буџетот на МТВ за соодветната година, за одредени трошоци за потребите на извршување на патничкиот сообраќај. Истите се исплатени за 2022 година од ставката 461-Субвенции за јавни претпријатија во вкупен износ од 487.000 илјади денари.

Покрај горенаведените субвенции, во 2022 година МТВ врз основа на Одлука[17]

---

просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Републиката и врши и други работи утврдени со закон и овие одредби,

[14] Службен весник на РСМ бр. 277/19 од 28.12.2019 година

[15] бр. 13 – 77/1 од 03.01.2020 година и арх.бр. на ЖРСМ Транспорт АД Скопје бр. 54/1 од 02.01.2020 година

[16] Арх.бр. 13 – 2670/1 од 26.04.2022 година и арх.бр. на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје бр. 953/1 од 19.04.2022 година

[17] Одлука на Владата на РСМ за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на РСМ за 2022 година, бр.41-2659/1 од 22.03.2022 година, Одлука за одобрување на средства од буџетот на РСМ за 2022 година наменети за Железници на РСМ АД Транспорт бр. 41-2653/1 од 22.03.2022 година, и Одлука за измена на истата бр.41-4565/1 од 17.05.2022 година, Одлука за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите бр.08-4477/1 од 01.11.2022 година и Одлука за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корсници на централната власт и помеѓу фондовите бр.08-5261/1 од 16.12.2022 година, донесени од Собранието на РСМ

на Владата и Одлуки на Собранието на Република Северна Македонија, врши трансфери на средства за подмирување на обврски кон добавувачи на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје, како и за плати за вработените. По основ на спомenатите одлуки МТВ склучило 3 (три) договори[18] со ЖРСМ Транспорт АД – Скопје со кој се регулираат меѓусебните права и обврски меѓу договорните страни во однос на начинот на трансфер и реализација на средствата. Исплатите согласно овие договори се од ставка 464 – Разни трансфери во вкупен износ од 431.114 илјади денари, а 188.360 илјади денари се исплатени во 2023 година.

Во табелата подолу прикажани се податоци за исплатени средства во период 2020 - 2023 година за субвенционирање на јавна услуга во железничкиот превоз и трансфери на средства со основ за подмирување на обврски кон добавувачи и плати за вработени.

Табела бр.1

| Приходи/Трошоци на МЖ Транспорт | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи од патнички сообраќај на МЖ Транспорт | 23.089 | 26.879 | 38.173 | 23.987 |
| Трошоци од патнички сообраќај на МЖ Транспорт | 599.585 | 655.971 | 744.079 | 739.577 |
| **Субвенции и трансфери на МТВ** | | | | |
| Субвенции на јавна услуга - превоз на патници по Договор за конпензирање на дел од трошоците на МЖ Транспорт | 414.999 | 436.748 | 486.999 | 376.779 |
| Трансфери по Договори за подмирување на обврски на МЖ Транспорт | 0 | 0 | 431.114 | 188.360 |

Според податоците по години[19] прикажани во Табела бр.1 го утврдивме следното:

- предвидените средства во буџетот на МТВ за субвенционирање на јавна услуга за превоз на патници не се доволни за покривање на трошоците од транспортните услуги. Имено станува збор за нецелосно субвенционирање на трошоците од патничкиот сообраќај како услуга од јавен интерес со што се доведува во прашање обезбедувањето на квалитетна услуга од јавен интерес – превоз во железничкиот

[18] Договор за реализација на одобрените средства од Буџетот на РСМ за 2022 година Бр. 13-1945/2 од 28.03.2022 година, Анекс на истиот 13-1945/2 од 30.05.2022, Договор за реализација на одобрените седства од буџетот на РСМ за 2022 година,, бр.13-6140/5 од 25.11.2022 година и Договор реализација на одобрените средства од буџетот на РСМ за 2022 година, бр. 13-6811/4 од 22.12.2022 година
[19] Извештај за работењето на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје за период 01.01-31.12.2023 и за период 01.01-31.12.2021

сообраќај и

- вкупниот износ на субвенции за 2022 година е највисок, а ЖРСМ Транспорт АД – Скопје прикажува најголеми трошоци од патничкиот сообраќај во однос на претходните години со што се доведува во прашање ефектот од субвенционирањето на патничкиот сообраќај како услуга од јавен интерес на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје.

Со оглед на тоа што МТВ врши субвенционирање на јавна услуга во железничкиот превоз, а од 2022 година и трансфери на средства со основ за подмирување на обврски кон добавувачи и плати за вработени, ревизијата обрнува внимание на неопходност да се направат детални анализи и проценка за утврдување на причините за состојбите - зголемување на трошоците во патниот сообраќај и целокупното работење на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје, со цел преземање на соодветни мерки како и донесување на организациски и финансиски и други одлуки за истите.

5.3. Со Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура[20] донесена од страна на Влада на РСМ предвидени се средства во износ од 320.000 илјади денари, планирани во буџетот на МТВ во програмата за инвестиции во железничка инфраструктура, кои се помалку од средствата утврдени во член 118 од Законот за железнички систем каде е уредено дека финансирањето на железничката инфраструктура покрај и од други извори се врши и со средства обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од најмалку 0,3 % од планираните даночни приходи во централниот Буџет на Република Северна Македонија за тековната година.

Табела бр. 2 Планирани даночни приходи во централен Буџет на РСМ за 2022 година [21]

во 000 денари

| Даночни приходи 2022 | 0,3% | Годишна програма | Разлика |
|---|---|---|---|
| 135.033.217 | 405.100 | 320.000 | -85.100 |
| 141.677.637 ребаланс | 425.033 | 320.000 | -105.033 |

За финансирањето на железничка инфраструктура за 2022 година, од планираните даночни приходи во централниот буџет на државата за тековната година 0,3% или 425.033 илјади денари, исплатени се само 320.000 илјади денари, колку што се предвидени со Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура.

Со измените[22] во Законот за железнички систем во 2023 година, се менува

[20] Сл. весник на РСМ бр.94/22, 258/22

[21] Сл. весник на РМ бр. 196/2017 и бр.207/2018

[22]Законот за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем Службен

начинот на финансирањето на железничката инфраструктура односно членот 118, став 2 точка 2 се менува со тоа што средствата за финансирање на постојната железничка инфраструктура се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за тековната година, но наместо предвидените 0.3% од планираните даночни приходи во централниот буџет на Република Македонија за тековната година, управителот на инфраструктурата склучува договор за период од пет години со Владата на Република Северна Македонија претставувана од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничката инфраструктура.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 09.10.2023 до 31.01.2024 година, во Министерство за транспорт и врски за сметката на основен буџет (637) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност на Министерството за транспорт и врски - сметка на основен буџет (637) за 2018 година при што е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2020 година извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи со усогласеност за 2018 година на сметката на основен буџет (637), при што е констатирано дека дадените препораки се во тек на имплементирање.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфат на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Министерство за транспорт и врски на РСМ, застапувано од:

- Благој Бочварски, министер од 30.08.2020 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на

---

весник на РСМ" бр.253/23, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски на РСМ, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени

од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Министерство за транспорт и врски на РСМ одржан на ден 31.01.2024 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на законскиот застапник на Министерство за транспорт и врски, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-1460/2 од 03.04.2024 година (Прилог бр.1 од овој Извештај), а заведена во Државниот завод за ревизија под број 29-366/4 од 04.04.2024 година. Забелешката која се однесува на точката 3.1.3. алинеја 2, истата е разгледана и утврдено е дека се прифаќа, поради тоа што се доставени нови докази кои во текот на ревизјата не ни беа презентирани

за констатиранaта состојба во наодот. Забелешките и одговорот на забелешки се прилог на Конечниот извештај.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 2.367.095 | 1.742.986 |
| **Вкупно приходи** | | 2.367.095 | 1.742.986 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 127.380 | 126.993 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 52.967 | 49.569 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 1.004.225 | 546.506 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 1.184.572 | 723.068 |
| **Капитални расходи** | 3.3 | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 1.182.523 | 1.019.918 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 1.182.523 | 1.019.918 |
| **Вкупно расходи** | | 2.367.095 | 1.742.986 |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1 | 18 | 18 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 12.736 | 36.842 |
| Залихи | 4.1.3 | 149 | 220 |
| **Вкупно тековни средства** | | 12.903 | 37.080 |
| **Постојани средства** | 4.2 | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 13.842 | 11.685 |
| Материјални средства | 4.2.2 | 788.887 | 669.149 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3 | 1.908.474 | 1.783.609 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.4 | 3.059.393 | 3.059.393 |
| **Вкупно постојани средства** | | 5.770.596 | 5.523.836 |
| **Вкупна актива** | | 5.783.499 | 5.560.916 |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3 | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 2.421 | 26.489 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2 | 10.315 | 10.350 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3 | 4.967.885 | 4.843.020 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 4.980.621 | 4.879.862 |
| **Извори на средства** | 4.4 | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 802.878 | 681.054 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | 802.878 | 681.054 |
| **Вкупна пасива** | | 5.783.499 | 5.560.916 |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА | | | |
| **Активни сметки** | 4.2.5 | 1.387.530 | 1.387.457 |
| **Пасивни сметки** | 4.4.2 | 1.387.530 | 1.387.457 |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Состојба 01.01.2022 година | 680.834 | 220 | 681.054 |
| | | | |
| Зголемување по основ на: | 135.959 | 417 | 136.376 |
| Набавки | 5.361 | | 5.361 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | 130.598 | | 130.598 |
| Ревалоризација на капитални | | | - |
| | | | |
| Намалување по основ на: | 14.064 | 488 | 14.552 |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | 14.064 | 488 | 14.552 |
| | | | |
| Состојба 31.12.2022 година | 802.729 | 149 | 802.878 |

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 04.04.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 29-366/4 | | |

**Бр:** **15-1460/2**
**Датум:** 03.04.2024

**До:** **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Г. Максим Ацевски, Главен државен ревизор**
**Ул. Павел Шатев бр. 2 Палата „Емануел Чучков“**
**1000, Скопје**

**Предмет:** **Забелешки по Нацрт извештај**

**Врска:** **Ваш број 29-366/3 од 01.03.2024 година**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 29-366/3 ос 01.03.2024 година со кој ни доставувате 1 (еден) примерок од Нацрт – извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Министерството за транспорт и врски, ја даваме следната забелешка:

- Во точка 3.1.3 од Нацрт – извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Министерството за транспорт и врски, сметка на основен буџет (637), е утврдено дека за проектите за домување во износ од 961 илјада денари МТВ не обезбеди документација, ниту податоци дали истите се распределени до крајниот корисник.

  Во врска со овој наод сакаме да Ве известиме дека прикажаните вредности се однесуваат на проектот за субвенционирање за изградба на објекти за индивидуално домување преку изработка на основен проект и донирање на инвеститорот. Со оваа мерка покрај тоа што се обезбедува бесплатен проект за изградба на куќи, се намалуваат трошоците за


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
ул.„Плоштад Црвена Скопска општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

градење, а исто така и се намалуваат роковите за добивање на одобрение за градење. Имено, Министерството за транспорт и врски има склучено договори за изработка на проектна документација на ниво на основен проект со сите фази со извршена ревизија за станбени објекти со намена за индивидуално домување. Во договорите е утврдено дека нарачувачот го задржува авторското право на сите документи кои ќе произлезат со реализацијата на договорите. Целата проектна документација, студии, извештаи, податоци и документи како мапи, дијаграми, планови, статистички и помошен материјал кои ќе произлезат од реализацијата на овој договор ќе биде сопственост на нарачувачот, односно Министерството за транспорт и врски.

Проектната документација е објавена и достапна на web страната на Министерството за транспорт и врски на следниот линк:

http://mtc.gov.mk/vesti/besplatni-proekti-za-izgradba-na-tipski-kukji

https://drive.google.com/drive/folders/1C9VW2UvkguxkykZdehRqUGu1uQkXSfnI

Истата Ви ја доставуваме во прилог на овој допис на УСБ (надворешна меморија).

Доколку смета дека е потребна дополнителна документација, ви стоиме на располагање.

- Во врска со другите точки од Нацрт – извештајот, немаме забелешки.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

**Министер**
**Благој Бочварски**

Изработил: Александра Ивановска


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
ул.„Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Прилог бр.2

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за транспорт и врски број 15-1460/2 од 03.04.2024 година, од одговорното лице, Благој Бочварски, министер, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-366/4 од 04.04.2024 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и утврдено е следното:

Сметка на основен буџет (637)

1. Забелешката на констатираната состојба во точката 3.1.3., алинеја 2, која се однесува на тоа дека на позицијата материјални средства во подготовка (инвестиции во тек) евидентирани се проекти за индивидуално домување од минати години во износ од 961 илјади денари за кои МТВ не обезбеди документација ниту податоци за тоа дали истите се распределени до крајниот корисник, **се прифаќа**, поради тоа што во прилог на забелешката е доставена **дополнителна** документација која за време на ревизијата не ни беше презентирана. Алинеја 2 од точка 3.1.3 се брише а препораката е соодветно прилагодена.